29. 10-2019

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

СЕКТОР ЗА МАРКЕТИНГ И КВАЛИТЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

Примено: 29.10.2019			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	1839		

25 Октомври, 2019

АРХИВСКИ БРОЈ :
35-249/19

Врз основа на членот 139 став 1 од Законот за квалитет на земјоделските производи (Сл.весник на Република Македонија бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

РЕШЕНИЕ

за овластување на лабораторија за вршење на анализа и супер анализа на квалитетот на суровото млеко

Се овластува правното лице ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – Скопје при Универзитет на Св. Кирил и Методиј Скопје ул. Лазар Поп Трајков 5-7 1000 Скопје, да врши анализа и супер анализа на земените примероци за контрола на квалитетот на суровото млеко.

Образложение

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје ул. Лазар Поп Трајков 5-7 1000 Скопје, поднесе барање бр. 03-1514, 30.08.2019 со придружна документација согласно член 138 став 2 од Законот за квалитет на земјоделски производи (Сл.весник на Република Македонија бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16) и со кое се бара издавање на решение за овластување на лабораторија за анализа и супер анализа на земените примероци за контрола на кавлитетот на суровото млеко.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го разгледа доставеното барање и придружната документација, а согласно член 138 став 2 од Законот за квалитет на земјоделски производи по службена должност од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија беше обезбеден Прилог Кон

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Сертификат за акредитација бр. Лт- 006 од 17.07.2019 година во кој се дадени акредитираните методи за тестирање на лабораториите при УКИМ Факултет за ветеринарна медицина, Скопје. Согласно истиот член обезбеден е и документ за бројот, квалификациите и степенот на образование на вработените во Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје.

По детална проверка на целокупната документација се утврди дека барателот ги исполнува пропишаните услови утврдени во член 138 став 2 од Законот за квалитет на земјоделски производи.

Упатство за правно средство:

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на "Република Северна Македонија".

Доставено до:

- Барателот
- Архива на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Овл.Раководител за маркетин и квалитет на земјоделски производи

Јане Новачков

Изработил: Даниела Лазаровска
Контролирал/Согласен: Мераљ Ц. Ајрула

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015